**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

***Одделение за урбанизам, зжс и комунални дејности***

**Број 11-678/4 од 28.07.2026 година**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) , член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 , 127/25 ,134/26) и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23 , 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26) , Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА – ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОН ГРАД ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

Се одобрува **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА** за потребите на постапка за изработување УПВОУП со намена Д4.3 озеленети простори за гробишта – гробишта во КО Демир Хисар и КО Демир Хисар-вон град во Општина Демир Хисар , со тех. бр. 10-06/26 од јули, 2026 година, изработена од ЧИП ГРОУП ДООЕЛ Скопје, правно лице кое поседува лиценца за изработување на урбанистички планови со број 95 од 15.02.2024 година, со важност на неопределено време и планер Силвана Вановска дипл.инг.арх. со овластување за изработување на урбанистички планови бр.0.0065, од 14.09.2020 година, со важност на неопределено време.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Изработувачот ЧИП Гроуп во име на инвеститорот Општина Демир Хисар, со адреса на ул,,Битолска" број 8, поднесе барање за одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Д4.3 ОЗЕЛЕНЕТИ ПРОСТОРИ ЗА ГРОБИШТА – ГРОБИШТА ВО КО ДЕМИР ХИСАР И КО ДЕМИР ХИСАР-ВОН ГРАД ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР, преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-678/2 од 16.07.2026 година, согласно склучен Договор за јавна набавка бр.05-406/6 од 26.05.2026 година.

Со барањето ја приложи следната документација:

- **Барање за одобрување** бр. 09-201/1 од 07.07.2026 година ,
- **Договор за јавна набавка:** Изработка на УПВОУП со намена Д4-3 озеленети простори и гробишта со стручна ревизија, бр. 05-403/6 од 26.05.2026 година,

- **Проектна програма** за УПВОУП со намена Д4.3 озеленети простори за гробишта – гробишта во КО Демир Хисар и КО Демир Хисар-вон град во Општина Демир Хисар (пдф) , со тех. бр. 10-06/26 од јули, 2026 год., изработена од ЧИП ГРОУП ДООЕЛ Скопје, правно лице кое поседува лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 95 со важност на неопределено време, Силвана Вановска, дипл.инж.арх., планер потписник, овластување за изработување на урбанистички планови број 0.0065 со важност на неопределено време (пдф).
- **Проектна програма** за УПВОУП со намена Д4.3 озеленети простори за гробишта – гробишта во КО Демир Хисар и КО Демир Хисар-вон град во Општина Демир Хисар со вцртан планиран опфат (dwg), со плански опфат од 0,8 ха (7955,258м2)
- **Претходно издадени Услови за планирање на просторот** издадени од АПП со техн.бр. Y39414 од ноември 2014 година
- **Решение** за претходно издадени Услови за планирање бр. 12-10423/4 од 21.11.2014 година,
- **Известување** од МЖСПП бр. 15-2179/2 од 26.06.2026 година дека претходно издадените услови за планирање може да се користат за предметниот УПВОУП.

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1141/1 од 17.11.2025 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на проектна програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23 , 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26) за што согласно член 38 став 8 од Законот за урбанистичко планирање, достави до Градоначалникот **Предлог за одобрување** со број 11-678/3 од 23.07.2026 година.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

*Изработил*: Клара Тодоровска, диа

KLARA TODOROVSKA

Digitally signed by KLARA TODOROVSKA
Date: 2026.07.27 14:51:06 +02'00'

Општина Демир Хисар

Градоначалник

Никола Најдовски

Nikola Najdovski

Digitally signed by Nikola Najdovski
DN: C=MK, OU=VAT - 4010004103602, OID.2.5.4.97=NTRMK-6011012, O=Opstina Demir Hisar, SERIALNUMBER=246077, T=Gradonacalnik, SN=Najdovski, G=Nikola, CN=Nikola Najdovski
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2026-07-28 13:33:06